  - кај ***Подпрограмата ФА-Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци),*** *се* реализирани расходи во износ од **148.073.522,00** денари, со индекс од **79,37%**, во однос на планираните 186.564.678,00 денари. Споредбено со 2019 година во овој период бележиме зглемување на овие расходиза 44,29%. Во рамките на оваа потпрограма се вклучени рализацијата на годишната програма ФАО-Уредување на градежно земјиште и Реализацијата на развојни програми во 2020 година ФАО-Уредување на градежно земјиште (Хиподром 2), ФАБ-Уредување на градежно земјиште (паркинг во Автокоманда) и ФАД-Уредување на градежно земјиште (паркинг во автокоманда кај плоштадот) каде што немаме трошење во текот на фискалната година.

- Во **Програмата за поддршка на локалниот економски развој** за 2020 година се реализирани расходи во вкупен износ од **3.759.811,00** денари, кои во однос на планираните 7.070.000,00 денари се остварени со индекс од **53,18%.** Позначајни расходи кои се реализирани во рамките на оваа програма по ставки и подставки согласно програмата за ЛЕР се:

- други оперативни расходи во износ од 499.811,00 денари со индекс од 99,96% во однос на планот и
- разни трасфери во износ од 2.460.000 денари со индекс од 98,40% во однос на планот.

- Расходите реализирани за финансирање на **Програмата за комунални дејности**, во 2020 година бележат извршување во износ од вкупно **130.739.444,00** денари, или **68,85%** во однос на планираните со Буџетот за 2020 година кои изнесуваат 189.904.000,00 денари.

  Во рамките на оваа програма кај соодветните подпрограми ги бележиме следниве реализации:

  - Кај подпрограмата **Ј3-Јавно осветлување** се извршени расходи во износ од **29.071.181,00** денари со индекс од **78,78%,** и истите бележат зголемувањеза 4,39% во однос на предходната година.
  - Кај подпрограмата **Ј4-Јавна чистота** се остварени расходи во износ од **33.605.630,00** денари или **94,13%** во однос на планираните, а споредбено со минатата година има зголемување од 111,89%. Овие расходи се однесуваат на извршени плаќања од страна на општината по фактури за извршените работи од страна на јавното комунално претпријатие - ГАЗИ БАБА-2007 во делот на одржувањето на јавната чистота во општината,
  - Кај подпрограмата **Ј6-Одржување и заштита на локалните патишта** се остварени расходи во износ од **3.091.300,00** денари, односно со индекс од **81,35%** во однос на планот, а споредбено со минатата година има зголемување за 63,40%.
  - Кај подпрограмата **Ј8-Други комунални услуги**, а кои се однесуваат на извршени трансфери од страна на општината за тековни и капитални субвенции исплатени на јавното комунално претпријатие - ГАЗИ БАБА-2007, остварени се плаќања во износ **од 28.530.995,00** денари, односно со индекс од **68,09%** во однос на планот, а споредбено со минатата година има зголемување за 96,85%,
  - Кај подпрограмата **ЈА-Изградба на јавно осветлување** се остварени расходи во износ од 6.591.588 денари, односно со индекс од 24,41% во однос на планот, а споредбено со минатата година зголемување за 388,54%.
  - Кај подпрограмата **ЈИ-Изградба и системи за отпадни води**, релизацијата на средствата кои се предвидени со развојните програми за изградба на фекалните канализации во руралниот дел на општината, во 2020 година се остварени во вкупен износ од **29.658.750** денари, односно со **80,59%** во однос на планот. Истите се однесуваат на развојните програми ЈИА - Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води во населеното место Трубарево во износ од 14.191.172,00 денари и ЈИБ - Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води во населените места Смилјковци, Црешево и Виниче во износ од 15.467.578,00 денари. Споредбено со минатата година има зголемување за 132,47%.
  - Кај подпрограмата Урбана опрема се извршени расходи во износ од 274.149 денари со индекс од 91,38% во однос на планираните 300.000 денари.

  Кај останатите Подпрограми во рамки на оваа Програма немаме реализација на расходи во 2019 година.

- За финансирање на **Програмата за културни манифестации и творештво**, потрошени се вкупно **3.194.795,00** денари или **53,25%** во однос на планираните за 2020 година во износ од 6.000.000 денари. Во однос на 2019 година

бележиме намалување за 8,24% . Реализираните расходите се однесуваат на подпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештво** додека кај подпрограма КА – Културни манифестации и творештво (капитални расходи) која е дел од оваа програма не бележиме расходи

- Во **Програмата Спорт и рекреација** реализирани се расходи во вкупен износ од **1.977.800,00** денари, кои во однос на планираните 3.884.800,00 денари се остварени со индекс од **50,91%.** Споредбено со минатата година има намалување од 46,46%. Реализираните расходите се однесуваат на подпрограмата **Л0 – Спорт и рекреација** додека кај Развојната програма ЛАО - Изградба на спортски центар Црешево – Стајковци кој е дел од оваа програма не бележиме расходи.
- **Програмата за Заштита на животната средина и природата** реализирани се расходи во вкупен износ од **1.541.080,00** денари со индекс од **44,03%** во однос на планираниот буџет од 3.500.000,00 денари за оваа програма. Споредбено со предходната фискална година имаме зголемување за 185,39%.
- Во **Програмата за заштита и спасување** реализирани се расходи во вкупен износ од **162.066,00** денари, односно **11,10%** во однос на планираните средстваво износ од 1.460.000,00 денари. Споредбено со предходната фискална година имаме намалување на реализацијата на расходите во оваа програма за 27,92%.
- Во **Програмата за социјална заштита и заштита на деца (Детски градинки)** планирана во рамките на основниот буџет реализирани се расходи во вкупен износ од **18.051.162,00** денари, кои во однос на планираните 22.650.000,00 денари се остварени со индекс од **79,70%.** Оваа програма се состои од две подпрограми и тоа:
  - Во подпрограмата **В1- Детски градинки и социјална заштита и заштита на деца** се реализирани расходи во износ од **4.890.993,00** денари, со индекс од **63,93%,** кои во најголем дел се однесуваат на расходите за трансфери до здуженија и фондации, за исплата на плати за времено вработените во детските градинки преку агенција за времени вработувања и за исплати за еднократната парична помош и помош во натура која општината ја дава на социјално загрозените жители на општината. Споредбено со предходната фискална година имаме зголемување на расходите во оваа подпрограма за 34,09%.
  - Во подпрограмата **ВА- Социјална заштита и заштита на деца (капитални расходи)** која е наменета за реализација на развојната програма за изградба на нова детска градинка во Н.М. Стајковци, бележиме реализирани расходи во износ од 13.160.169,00 денари односно 87,73% во однос на планот.

Кај следниве Подпрограми во 2020 година не бележиме реализација:

- Подпрограмата А1 - Изборни активности и референдуми;
- Подпрограмата ГДЕ - Поддршка на локалниот економски развој (капитални расходи);
- Подпрограмата Ј7- Одржување и користење на зеленило;
- Подпрограмата ЈД - Изградба и реконструкција на локални улици и патишта
- Подпрограмата КА- Културни манифестации и творештво;
- Подпрограмата ЛА - Спорт и рекреација (капитални расходи);
- Подпрограмата ЉА- Капитални трошоци за заштита и спасување и

- Подпрограмата Џ- Родова еднаквост

- Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за 2020 година, може да се констатира дека ресорните министерства редовно месечно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки.

Во овој период основните училишта и детските градинки реализираа расходи во вкупен износ од **446.885.130,00** денари, односно **91,62%** од планираните во износ од 487.776.000,00 денари, што придонесе за извршување на планираните активности кај овие единки корисници. При тоа во основните училишта се реализирани расходи во вкупен износ од **346.114.067,00 денари**, односно **95,23%** од планираните расходи, а кај детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од **100.771.063,00 денари**, односно со индекс од **81,05%.**

• **Расходите од донации** во 2020 година се реализирани во вкупен износ од **14.736.776,00** денари, односно **23,34%**,во однос на планираните 63.333.000,00 денари.

- Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани во износ од **16.424.652,00** денари или 3**6,50%** во однос на планираните 45.000.000,00 денари.

Во рамките на извештајниот период , во делот на **расходите од кредити** кои согласно развојната програма во Буџетот за 2020 година беа планирани за изградба на фекална канализација во Н.М. Јурумлери со кредитот од Светската банка преку подзаем од Министерство за финансии во износ од 52.000.000 денари, истите се реализирани во развојната подпрограма **ЈИ-Изградба на системи за отпадни води** во износ од **18.988.167,00** денари со индекс од **36,52%.**

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и за извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, може да се констатира дека во целина трошењето на средствата на буџетот се одвиваше наменски во рамките на планираните активности по програми и подпрограми и по одделни ставки и подставки. Во 2020 година реализираните расходи се остварени во пониски износи во однос на планираните расходи, како резултат на пониско остварените приходи во однос на планираните.

## III. Извештај за средствата, побарувањата, обврскитеи изворите на средствата и нивната вредност

Состојбата на средствата и на изворите на средствата на 31.12.2020 година согласно изготвениот Биланс на состојбата од Одделение за сметководство и плаќање на Општина Гази Баба е следната:

| | ПОЗИЦИЈА | Состојба со | Состојба со | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| број | | 31.12.2019 година | 31.12.2020 година | 4/3 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | I - Постојни средства | | | |
| | Нематеријални средства | | | |
| 1 | Основачки издатоци | 150.000,00 ден | 150.000,00 | 100,00% |
| 2 | Други издатоци | 17.971.733,00 ден | 20.715.267,00 | 115,27% |
| | Вкупно | 18.121.733,00 ден. | 20.865.267,00 ден. | 86,85% |
| | Материјални срecдства | | | |
| 3 | Градежни објекти | 1.261.358.976,00 ден | 1.451.810.260,00 ден. | 115,10% |
| 4 | Опрема | 6.154.246,00 ден | 5.310.366,00 ден. | 86,29% |
| 5 | Материјални срecдства во подготовка | 138.597.342,00 ден | 174.908.581,00 ден. | 126,20% |
| 6 | Други материјални средства | 38.161,00 ден | 38.848,00 ден. | 101,80% |
| | Вкупно | 1.406.148.725,00 ден. | 1.632.068.055,00 ден. | 86,16% |
| | Други долгорочни побарувања | | | |
| | Вкупно | 1.424.270.458,00 ден. | 1.652.933.322,00 ден. | 86,17% |
| | Парични средства и побарувања | | | |
| 7 | Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 0 | | 0,00% |
| 8 | Побарувања од купувачи во земјата | 7.040,00 ден | 123.533,00 ден | 0,00% |
| 9 | Материјали | 21.039,00 ден | 487.415,00 ден | 0,00% |
| 10 | Побарувања од вработени | 93.000,00 ден | 93.000,00 ден | 100,00% |
| 11 | Побарувања од купувачи | 0 | | 0,00% |
| 12 | Други активни временски разграничувања | 96.144.842,00 ден | 102.086.358,00 ден | 54,58% |
| | Вкупно | 96.265.921,00 ден. | 102.790.306,00 ден. | 93,65% |
| | Материјали, резервни делови и ситен инвентар | | | |
| 11 | Ситен инвентар | 545.326,00 ден | 602.990,00 ден. | 65,13% |
| | Вкупно | 545.326,00 ден. | 602.990,00 ден. | 90,44% |
| | Вонбилансна актива | 117.313.232,00 ден. | 119.424.870,00 ден. | 98,23% |
| | Севкупна актива | 1.521.081.705,00 ден. | 1.755.723.628,00 ден. | 86,64% |
| | II- Извори на средства | | | |
| | Извори на деловни средства | | | |
| 12 | Државен- јавен капитал | 1.285.673.116,00 ден | 1.478.024.741,00 ден. | 114,96% |
| 13 | Останат капитал | 21.039,00 ден | 487.415,00 ден. | 2316,72% |
| | Вкупно | 1.285.694.155,00 ден. | 1.478.512.156,00 ден. | 86,96% |
| | Тековни обврски | | | |
| 14 | Краткорочни обврски спрема добавувачи | 92.357.189,00 ден | 98.203.264,00 ден. | 106,33% |
| 15 | Краткорочни обврски за плати и др.обврски спрема вработени | 3.787.653,00 ден | 3.883.094,00 ден. | 102,52% |
| 16 | Пасивни временски разграничувања | 138.697.382,00 ден | 175.125.114,00 ден. | 126,26% |
| | Вкупно | 373.539.606,00 ден. | 277.211.472,00 ден. | 134,75% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Извори на други средства | | | |
| | Вкупно | 0,00 ден. | 0,00 ден. | 0,00% |
| | Вонбилансна пасива | 117.313.232,00 ден | 119.424.870,00 ден. | 98,23% |
| | Севкупна пасива | 1.659.233.761,00 ден. | 1.755.723.628,00 ден. | 94,50% |

Извор: Одделение за сметководство и плаќање - Општина Гази Баба

Состојбата на **севкупната актива** на Општина Гази Баба на 31.12.2020 година е во вкупен износ од **1.755.723.628** денари од кои:

- нематеријалните средства изнесуваат **20.865.267** денари;
- материјалните средства изнесуваат **1.632.068.055**денари;
- паричните средства и побарувањата изнесуваат **102.790.306**денари
- материјали, резервни делови и ситен материјал изнесува **602.990**ден.
- вонбилансната актива изнесува **119.424.870 ден.**

Во прикажаните износи на **материјалните средства** на општината најголемиот дел на средства претставуваат градежните објекти во вкупен износ од **1.451.810.260**денари (објекти, улици, тротоари, паркиралишта, спортски игралишта, детски игралишта, детски катчиња, водоводи и.т.н) и материјалните средства во подготовка кои изнесуваат **174.908.581**денари.

Во **паричните средства и побарувања** во вкупен износ од **102.790.306** денари се содржани побарувањата од вработени во вкупен износ од **93.000,00** денари (салдото од касата) и други активни временски разграничувања во вкупен износ од **102.086.358**денари.

**Материјали, резервни делови и ситен инвентар** се во вкупен износ од **602.990** денари.

Основните средства кои на 31.12.2020 година се евидентираат како **вонбилансната актива** (градежните објекти на бараките во кои е сместена општинската администрација) изнесуваат **119.424.870 денари.**

Состојбата на **севкупнната пасива** во вкупен износ од **1.755.723.628** денари е со следната структура:

- Извори на деловни средства изнесува **1.478.512.156**денари;
- тековните обврски изнесуваат **277.211.472**денари и
- кај изворите на други средства не бележиме износи на средства за 2020година.

Вонбилансната пасива изнесува 119.424.870 денари.

**IV. Извештај за користењето на средствата од постојаната и тековната резерва**

Со Буџеторт на Општина Гази Баба, за 2020 година, во **Програмата на Советот на Општината,** се предвидени средства за постојана и тековната резерва, во вкупен износ од **1.200.000,00**денари, од кои за постојана резерва се планирани средства во износ од 400.000,00 денари, а за тековна резерва се планирани средства во износ од 800.000,00 денари.

Користењето на средствата од постојаната и од тековната резерва, е регулирано со Одлуката за извршување на Буџетот за 2020 година на Општина Гази Баба, за следните намени: расходи настанати од елементерни непогоди предизвикани од виша сила, помош при лекување, издавање книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци кои не се предвидени со Буџетот за 2020 година.

За користење и распределба насредствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна резерва), одлучува Советот на Општината Гази Баба, а гиизвршува Градоначалникот но најмногу до 50.000,00 денари во поединечни случаи.

Во текот на 2020 година од средствата за **постојана резерва** планирани во износ од 400.000,00 денари немаме реализирано расходи.

Од предвидените средства за **тековната резерва** од Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 годинаво износ од 800.000,00 денари се искористените средства во вкупен износ од 108.000,00 денари за плаќање на привремен престој за сместување на семејствата кои имаат опожарени домови.

Според тоа може да се констатира дека во 2020 година, извршено е наменско користењето на средствата од постојаните и тековни резерви.

## V. Извештај на одговорниот сметководител

Сметководствената евиденција во Општина Гази Баба се води согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди.

Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови на приходи и други видови на приливи, за расходите и другите одливипо програми и подпрограми и на ниво на ставки и подставки, како и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата евидентирани во финансиското сметководство и во поединечната материјална евиденција.

Врз основа на веродостојна и целосна документација согласно процедурите и правилниците пропишани со ISO 9001-2015 CERTIFED се врши евидентирањето на финансиската документација која се одобрува од страна на одговорниот сметководител со потпис.

Податоците во финансиските извештаи на Општина Гази Баба за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, подсметки и по видови на приходи.

Согласно законот за внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедуриза движење на документите, нивна контрола и одобрување за евидентирање во сметководството од страна на одговорниот сметководител на Општина Гази Баба согласно извршеното сертифицирање со стандардите ISO 9001-2015 CERTIFED.

Доспеаните обврски се плаќаат по налог и по одобрување од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба, врз основа на претходно изготвен извештај за доспеани обврски за плаќање од страна на Секторот за финансиски прашања.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 11.03.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1218/4**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр. 5/2002 год.) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, Службен весник на РСМ бр. 244/2019 и 53/2021год.), Советот на општината ГАЗИ БАБА на 50та седница, одржана на 11.03.2021 година, донесе:

## ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

## НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА

**1. Општ дел**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година се состои од :

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО |
|---|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **981.379.000** | **782.103.966** |
| Даночни приходи | 278.240.000 | 242.299.575 |
| Неданочни приходи | 49.550.000 | 17.458.006 |
| Капитални приходи | 46.410.000 | 8.154.705 |
| Приходи од дотации | 453.181.000 | 453.181.000 |
| Приходи од трансфери | 92.165.000 | 39.727.884 |
| Приходи од донации | 61.833.000 | 21.282.796 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.206.294.000** | **902.852.848** |
| Од утврдени намени | 1.205.094.000 | 902.744.848 |
| Расходи од резерви | 1.200.000 | 108.000 |
| **III. ДЕФИЦИТ** | **-224.915.000** | **-120.748.882** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **224.915.000** | **120.748.882** |
| **Прилив** | **238.715.000** | 134.504.720 |
| Домашно задолжување | 52.000.000 | 24.132.048 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| Депозити | 186.715.000 | 110.372.672 |
| **Одлив** | **13.800.000** | 13.755.838 |
| Отплата на главницата | 13.800.000 | 13.755.838 |

**Член 2**

Планираните приходи и приливи по извори и видови, и расходи и одливи по основни намени, се искажуваат во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општината како што следи:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ ПО ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | | 571.985.000 | 419.573.961 | 45.000.000 | 16.424.652 | 487.776.000 | 453.181.000 | 63.333.000 | 21.811.399 | 52.000.000 | 24.132.048 | 1.220.094.000 | 935.123.060 |
| 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 278.240.000 | 242.299.575 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 278.240.000 | 242.299.575 |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 17.960.000 | 24.731.644 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.960.000 | 24.731.644 |
| 713 | Даноци на имот | 86.200.000 | 79.276.575 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 86.200.000 | 79.276.575 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 173.880.000 | 138.215.994 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 173.880.000 | 138.215.994 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 200.000 | 75.362 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 75.362 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 4.550.000 | 3.220.105 | 45.000.000 | 13.709.298 | 0 | 0 | 0 | 528.603 | 0 | 0 | 49.550.000 | 17.458.006 |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 10.000 | 2.472 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 2.472 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.000.000 | 1.361.638 | 30.000 | 8.937 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.030.000 | 1.370.575 |
| 723 | Такси и надоместоци | 50.000 | 0 | 44.660.000 | 13.660.989 | 0 | 0 | 0 | 528.603 | 0 | 0 | 44.710.000 | 14.189.592 |
| 725 | Други неданочни приходи | 2.500.000 | 1.858.467 | 300.000 | 36.900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.800.000 | 1.895.367 |
| 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 46.410.000 | 8.154.705 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 46.410.000 | 8.154.705 |
| 733 | Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 46.410.000 | 8.154.705 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 46.410.000 | 8.154.705 |
| 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 242.785.000 | 165.899.576 | 0 | 2.715.354 | 487.776.000 | 453.181.000 | 63.333.000 | 21.282.796 | 0 | 0 | 793.894.000 | 643.078.726 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 242.785.000 | 165.899.576 | 0 | 2.715.354 | 487.776.000 | 453.181.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 732.061.000 | 621.795.930 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 56.333.000 | 21.282.796 | 0 | 0 | 56.333.000 | 21.282.796 |
| 743 | Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 | 0 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 0 |
| 75 | ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.000.000 | 24.132.048 | 52.000.000 | 24.132.048 |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.000.000 | 24.132.048 | 52.000.000 | 24.132.048 |

1

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | 571.985.000 | 419.573.961 | 45.000.000 | 16.424.652 | 487.776.000 | 446.885.130 | 63.333.000 | 14.736.776 | 52.000.000 | 18.988.167 | 1.220.094.000 | 916.608.686 |
| 40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 63.030.000 | 53.236.289 | 0 | 0 | 360.000.000 | 358.100.353 | 0 | 0 | 0 | 0 | 423.030.000 | 411.336.642 |
| 401 Основни плати | 39.200.000 | 34.287.197 | 0 | 0 | 259.100.000 | 257.952.413 | 0 | 0 | 0 | 0 | 298.300.000 | 292.239.610 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 15.510.000 | 13.070.494 | 0 | 0 | 100.900.000 | 100.147.940 | 0 | 0 | 0 | 0 | 116.410.000 | 113.218.434 |
| 404 Надоместоци | 8.320.000 | 5.878.598 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.320.000 | 5.878.598 |
| 41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ | 1.200.000 | 108.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 108.000 |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 0 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 800.000 | 108.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 108.000 |
| 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 148.195.000 | 109.383.016 | 40.500.000 | 16.114.293 | 106.035.000 | 78.910.840 | 18.787.000 | 4.871.126 | 0 | 0 | 313.517.000 | 209.279.275 |
| 420 Патни и дневни расходи | 140.000 | 16.000 | 300.000 | 36.960 | 0 | 0 | 7.850.000 | 2.597.669 | 0 | 0 | 8.290.000 | 2.650.629 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 37.560.000 | 27.035.193 | 5.750.000 | 4.054.794 | 35.723.000 | 28.482.557 | 107.000 | 31.000 | 0 | 0 | 79.140.000 | 59.603.544 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 5.160.000 | 2.230.037 | 23.100.000 | 7.787.419 | 11.717.000 | 8.966.086 | 1.892.000 | 83.729 | 0 | 0 | 41.869.000 | 19.067.271 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 54.180.000 | 47.403.209 | 5.800.000 | 2.243.370 | 50.495.000 | 35.610.930 | 1.350.000 | 0 | 0 | 0 | 111.825.000 | 85.257.509 |
| 425 Договорни услуги | 24.305.000 | 12.101.228 | 3.000.000 | 907.963 | 8.100.000 | 5.851.267 | 4.537.000 | 1.546.306 | 0 | 0 | 39.942.000 | 20.406.764 |
| 426 Други тековни расходи | 7.850.000 | 4.382.860 | 2.550.000 | 1.083.787 | 0 | 0 | 3.051.000 | 612.422 | 0 | 0 | 13.451.000 | 6.079.069 |
| 427 Привремени вработувања | 19.000.000 | 16.214.489 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.000.000 | 16.214.489 |
| 45 КАМАТНИ ПЛАЌАЊА | 150.000 | 10.818 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 10.818 |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 150.000 | 10.818 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 10.818 |
| 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 48.825.322 | 41.843.682 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.630.000 | 3.827.993 | 0 | 0 | 57.455.322 | 45.671.675 |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | 29.104.000 | 28.530.995 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 29.104.000 | 28.530.995 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 8.128.714 | 5.788.714 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.128.714 | 5.788.714 |
| 464 Разни трансфери | 11.592.608 | 7.523.973 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.630.000 | 3.827.993 | 0 | 0 | 20.222.608 | 11.351.966 |
| 47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | 2.100.000 | 1.440.016 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.100.000 | 1.440.016 |
| 471 Социјални надоместоци | 2.100.000 | 1.440.016 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.100.000 | 1.440.016 |
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 294.684.678 | 199.796.302 | 4.500.000 | 310.359 | 21.741.000 | 9.873.937 | 35.916.000 | 6.037.657 | 52.000.000 | 18.988.167 | 408.841.678 | 235.006.422 |
| 480 Купување на опрема и машини | 3.200.000 | 1.506.511 | 1.600.000 | 310.359 | 9.492.000 | 6.116.460 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.292.000 | 7.933.330 |
| 481 Градежни објекти | 1.000.000 | 0 | 800.000 | 0 | 10.009.000 | 3.341.825 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.809.000 | 3.341.825 |
| 482 Други градежни објекти | 273.434.678 | 197.484.029 | 1.100.000 | 0 | 1.940.000 | 169.830 | 35.916.000 | 6.037.657 | 52.000.000 | 18.988.167 | 364.390.678 | 222.679.683 |
| 483 Купување на мебел | 100.000 | 5.762 | 900.000 | 0 | 300.000 | 245.822 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.300.000 | 251.584 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 1.750.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.850.000 | 0 |
| 489 Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 15.200.000 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.200.000 | 800.000 |
| 49 ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА | 13.800.000 | 13.755.838 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.800.000 | 13.755.838 |
| 492 Отплата на главнина кон домашни институции | 13.800.000 | 13.755.838 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.800.000 | 13.755.838 |

1

**Член 3**

Во Посебниот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 4**

Општиот дел на Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година се објавува во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1023/5**
**од 11.03.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА АД ''ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА'' - ПОДРУЖНИЦА ''СКОПСКО ПОЛЕ'' - СКОПЈЕ, ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 11.03.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1218/5**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (4), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со член 3 став (2) од Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2020 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/20), расправајќи по извештајот на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2020 година, бр.08-426/1 од 02.02.2021 година, Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на 11.03.2021 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА АД ''ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА'' - ПОДРУЖНИЦА ''СКОПСКО ПОЛЕ'' - СКОПЈЕ, ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2020 година, бр.08-426/1 од 02.02.2021 година.

2. Заклучокот да се достави до АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1023/6**
**од 11.03.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2021 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 11.03.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1218/6**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (4), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 19 став (1) од Законот за водостопанство (''Службен весник на РМ'' бр.51/15 и 193/15 и 189/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот за превземање на обврската за плаќање надоместок за одводнување за 2021 година, бр.08-426/1 од 02.02.2021 година, Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на 11.03.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба превзема обврска за плаќање на надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници (сопственици/корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште), на подрачјето на општината за 2021 година.

Превземената обврска од став (1) на овој член, општината треба да ја исполни кон АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, и истата се однесува за 2021 година.

**Член 2**

На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување ''Скопско Поле'' се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - корисници.

Надоместот по хектар (ха) изнесува 2.400,00 денари.

Вкупниот надомест кој општината треба да го исплати на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје за 2021 година изнесува 3.882.672,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Надоместокот од член 2 став (3) на оваа одлука, ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината од страна на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, се со цел спречување на евентуални поплави на земјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.

За спроведените активности за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината, АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје е должно да поднесе извештај до крајот на тековната година за која се наменети средствата од член 2 став (3) на оваа одлука.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за превземањето на обврската за плаќање на надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници за 2021 година, со АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје.

Склучениот договор од став 1 на овој член, во целост ја заменува законската обврска и можноста АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, согласно одредбите од Законот за водостопанство да издава решенија за одводнување до физичките лица - корисници кои се опфатени со оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1023/7**
**од 11.03.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2020 година . . . . . 4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2020 година . . . . . 6

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . 8

**ГОДИШНА СМЕТКА** на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . 46

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . 51

**ОДЛУКА** за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2021 година . . . . . 53

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 2/21**
**50 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци